витаминка



**Квалитетот ги отвора најтешките врати**

Обраќање на Наташа Стојкоска, Директор на набавка, домашен пазар и увоз

**Спонзорства**

КФМ
КК МЗТ
Игор Стефановски - Ице
Били Ајдол

Бр. 5 Септември 2014 www.vitaminka.com.mk

# ИНФОРМАТОР




Интервју со Игор Стефановски - Ице

## Европски првак кој не се дели од производите на Витаминка

Витаминка наградена за квалитетот

## Признание QUDAL за компанија со најдобар квалитет и најдобар кечап

Витаминка на дружба со сограѓаните

## На Пивофест се уживаше во производите на Витаминка

ВИТАМИНКА АД Прилеп
Леце Котески 23, 7500 Прилеп,
048 407 407, 048 407 434
contact@vitaminka.com.mk
www.vitaminka.com.mk

# СОДРЖИНА












стр.3

## Квалитетот ги отвора најтешките врати

Обраќање на Наташа Стојкоска, Директор на набавка, домашен пазар и увоз

стр.4

## Нашите чоколади ќе бидат најблиску до швајцарската чоколада

Инвестиции во производството на чоколадо

стр.5

## Со поедноставна управувачка структура – беспрекорно работење во Витаминка

Измени во структурата на компанијата

## Витаминка исплати К15 на своите 576 вработени

Грижа за вработените

стр.6

## Стоби флипс и Бразил 2014

стр.7

## Chill out зона со Cevitana и Coincasa во Градскиот парк

стр.8

## Интервју со Игор Стефановски - Иџе

стр.10

## Спонзорства

КФМ, МЗТ, Игор Стефановски - Иџе и Били Ајдол

Обраќање на Наташа Стојкоска,
Директор на набавка, домашен пазар и увоз

# Квалитетот ги отвора најтешките врати



**Г-ѓа Наташа Стојоска**
Директор на набавка, домашен пазар и увоз

Почитувани,

Покрај многуте, сведоштва и факти кои лебдат меѓу вистината и заблудата, една е загарантирана и непобитна вистина, дека она што го работиме денес, ни се враќа утре. За тоа добиваме потврди секој ден, посебно во нашата работа. Витаминка е компанија што знае само за успеси и тоа толку многу пати е потврдено. Нашите успеси секојдневно се зголемуваат, имаме се повеќе консументи, а странските пазари со нашето присуство од ден на ден се се побројни.

Тоа не е ни чудно ни изненадувачко, затоа што имаме огромна палета на производи и затоа што секој од нашите производи се карактеризира со врвен квалитет. Ова не е чин на самопофалба, туку потврдено е од трета страна. Во изминатиов период добивме едно од најпрестижните признанија, златен медал за компанија со врвен квалитет. Покрај тоа, издвоен е и кечапот на Витаминка за производ со апсолутно најдобар квалитет на македонскиот пазар. Витаминка светот на вкусови, доби уште една вредна квалификација, свет на беспрекорен и потврден квалитет.

Со гордост и благодарност пред се до вас, сакам да споделам дека нашите производи секојдневно се барани на соседните и странските пазари. Токму таму, каде традицијата и доброто име на Витаминка како аргументи не се познати, ние се издвојуваме со нашиот квалитет. На странските пазари влегуваме во рамноправна битка со домашни и веќе препознатливи брендови, но нашиот квалитет и добар глас ни отвораат уште многу можности за работа и растење на компанијата.

А дел од заслугата за тоа е нашата политика на унифициран и единствен квалитет, односно дека на квалитетот на производството подеднакво приоѓаме без разлика дали е наменето за домашен или за странски пазар. Сите наши производи се изработени од високо квалитетни состојки, во чиј избор сме бескомпромисни затоа што знаеме колку се важни за вкусот и квалитетот на крајниот производ. Дел од суштината на стратегијата на компанијата е да продолжиме со истата енергија и јасна визија, се поголемо присуство на светските пазари со целокупната производна програма, затоа што ваквата стратегија од година во година дава се подобри резултати.

Затоа, да не застанеме тука, се наоѓаме на правиот пат, да продолжиме да создаваме квалитет и со тоа да придонесеме за растењето и успехот на нашата компанија. Секој од нас е подеднакво важен и клучен во заедничкиот успех, а заедничкиот успех носи предности за секој поодделно.

Со почит,

Наташа Стојкоска
Директор на набавка, домашен пазар и увоз

### Инвестиции во производството на чоколадо

# Нашите чоколади најблиску до швајцарската чоколада

Нашата компанија инвестираше 2,5 милиони евра во нови машини БИЛЕР за производство на чоколадо. Првите производи ќе бидат достапни за љубителите на вкусните чоколади кон почетокот на 2015 година.
Машините БИЛЕР се користат од страна на сите швајцарски производители на чоколада и драстично влијаат врз квалитетот на овој широко распространет омилен вкус и производ. Со тоа што нашата компанија ја набави оваа технологија, станавме единствени производители во Македонија на висококвалитетно чоколадо.
Ваквата голема инвестиција, меѓу другото, го поедноставува процесот во првата фаза на производство, каде што се прави чоколадната смеса, а потоа и го забрзува, со што и капацитетот на производство ќе биде зголемено за три пати.
На швајцарските машини БИЛЕР се произведува повеќе од 60% од чоколадото во светот, вклучувајќи ги сите швајцарски производители.



## Најдобар работник на месецот

Работник на месец август
**Даниела Тасеска**
Контролор на готов производ.

### Витаминка наградена за квалитетот

# Признание QUDAL за компанија со најдобар квалитет и најдобар кечап


EXCERPT:
Qudal
QUDAL - QUality meDAL Macedonia
Research Results 2014/2015
Vitaminka

Нашата компанија е македонската компанија што го доби признанието медал за врвен квалитет, QUDAL – QUality meDAL. Признанието ни беше доделено во две категории, за компанија со најдобар македонски квалитет и во категорија кечап за апсолутно најдобар квалитет на македонскиот пазар.
Златниот медал QUDAL се доделува исклучиво врз основа на искуството и мислењето, како и општата перцепција на потрошувачите.
Ова признание е дополнителна потврда што ние веќе години наназад ја добиваме од потрошувачите со нивниот избор на нашите производи. Сепак, многу не радува фактот што златниот медал се однесува и целосно на компанијата како симбол за македонски квалитет, а и за еден од нашите најпознати брендови.
Истражувањето беше спроведено од ICERTIAS (International Certification Association Gmbh)– Меѓународно здружение за сертификација со седиште во Цирих, Швајцарија и е меѓународен проект на швајцарската организација што се спроведува со интернет формулар.

## Измени во структурата на компанијата

# Со поедноставна управувачка структура – беспрекорно работење во Витаминка

Нашата компанија го промени системот на управување. Од неодамна со Витаминка управува Одборот на директори сочинет од пет члена, од кои четворица се неизвршни, а еден е извршен. За извршен член на Одборот на директори беше избран Сашо Наумовски кој го води работењето на нашата компанија и има најшироки овластувања околу раководењето и спроведување на одлуките на Одборот на директори. Подобрувањето на управувачката структура на нашата компанија значеше и поставување на Независни членови во Одборот на директори: Ѓорѓи Манчески од Економски факултет во Прилеп и Сашко Самарџиоски од Прилепска Пиварница. Ова е за првпат една македонска компанија да направи ваков одбор, чекор со кој се соединуваат бизнисмените од Прилеп.





Со промената на системот на управување од двостепен во едностепен, целта ни беше да го поедноставиме, а со тоа и унапредиме управувањето со компанијата. Воедно на овој начин воспоставуваме соработка на управувачко ниво со Економскиот факултет во Прилеп и Прилепската пиварница, што ќе придонесе кон подобрување на микроекономската слика на локално ниво. Пред да го воведеме новиот начин, анализиравме и дојдовме до заклучок дека од ваквата постапка може да има само бенефит и за нас и за останатите прилепски компании. За Претседател на Одборот на директори е избран Симон Наумоски. Додека пак извршниот член Сашо Наумоски продолжува со раководењето на нашата компанија како Генерален извршен директор. Покрај двајцата независни члена, петтиот член на Одборот на директори е Благоја Ѓорѓијовски, исто така неизвршен член.

## Грижа за вработените

# Витаминка исплати К15 на своите 576 вработени

Нашите вработени го добија регресот за годишен одмор, познатиот К15. На овој начин Витаминка беше една од првите компании од приватниот сектор во Македонија што ја исполни законската обврска.
Сметаме дека нашите 576 вработени, ја заслужуваат ваквата бенефиција. Годишниот регрес воедно претставува и награда за вработените во нашата компанија што ние претходно ја практикувавме преку други начини и симулации. Одлучивме што побрзо да го исплатиме, пред годишните одмори за да можат вработените вистински да уживаат во непланираната добивка. Витаминка е позната по тоа што секогаш ги исполнува обврските кон вработените, независно дали станува збор за законска обврска или наши активности.
Исплата на регресот произлегува како обврска за работодавците од Општиот колективен договор за стопанството. Висината на истиот е утврдена на 40% од просечната републичка нето-плата за претходниот месец.

## Витаминка ја загреваше атмосферата за време на Светското фудбалско првенство

# Стоби флипс и Бразил 2014





Додека сите очи беа вперени кон Светското фудбалско првенство во Бразил, а фудбалската треска го зафати светот, ние успеавме да создадеме фудбалска приказна, доволно привлечна за сите да бидат дел од неа, но и доволно возбудлива за да ја вжешти атмосферата уште повеќе.

Во кафулињата Тренд и во трговскиот центар Капитол, нашите хостеси во навивачки спортски дресови ги анимираа фановите на најважната споредна работа во светот на многу интересен начин со цел да ја подигнат навивачката еуфорија до максимум. Позитивната тензија, нетрпението и исчекувањето на натпреварите почнавме да ги загреваме со поставување на реквизит на специјално дизајнирана Стоби Флипс топка на местата каде ги реализиравме промотивните активности. Брендираните подметнувачи со распоредот на одржување на натпреварите што беа поставени на масите во кафулињата Тренд им овозможија на љубителите на фудбалот да бидат навремено информирани за тековните натпревари на Светското фудбалско првенство како и полесно следење на нивните омилени тимови. Секако, навивањето за омилената репрезентација не би било доволно возбудливо без знамињата преку кои се доловува целосно навивачката атмосфера. Интеракцијата со гостите и посетителите во Тренд и Капитол уште повеќе се зголеми со можноста навивачите доброволно да типуваат за својот фаворит. Прогнозерите кои имаа среќа да го погодат победникот на натпреварот добиваа многу интересни подароци како Стоби флипс фудбалски топки, навивачки маички и добропознатите производи од Витаминка.  За сите еуфоричните навивачи имавме подготвено дегустирање на разновидните вкусови на Бонитас и Стоби флипс.

Маалските фудбалски турнири беа местата на кои нашите хостеси ја пренесуваа еуфоријата од трибините од Бразил, директно на фудбалскиот терен, делејќи им на играчите освежителни пијалаци и грицки од нашата компанија како и брендирани Стоби флипс топки и навивачки маички за секој член од тимот. На Facebook страницата на Стоби флипс беше организиран награден натпревар во изведување пенали, мини натпревари беа организирани и на Twitter, Instagram и Facebook страницата на Бонитас кои донесоа нови 25000 фанови во дигиталното семејство на Витаминка.

Рекламните спотови освен на телевизиските канали се емитуваа и на Youtube каналот на Витаминка, а не изостанаа и активностите на веб порталите и социјалните мрежи од оваа фудбалска приказна. На тој начин Витаминка беше присутна насекаде за време на големата фудбалска треска. Вкупниот фонд на доделени награди изнесува 3000 фудбалски топки, 400 навивачки маички и повеќе од 300 пакети со производи.

FIFA WORLD CUP
Brasil
2014

# На Пивофест се уживаше во производите на Витаминка

Пивофест веќе години наназад е најпознатата манифестација во нашиот град, тие неколку дена се посветени на пивото и забавата. Денови за среќа и споделување на убави незаборавни моменти, но и интересни подароци.

За да остане и овој Пивофест запаметен по уште нешто освен пивото и забавата и секако да се докажеме како добри домаќини, се погриживме посетителите на најмасовниот и најпопуларен прилепски настан да не си заминат со празни раце.

Нашите хостеси ги изненадија гостите на Пивофест делејќи им подароци од широката палета на производи од нашата компанија што дополнително ја разубавија веќе веселата атмосфера.




# Chill out зона со Cevitana и Coincasa во Градскиот парк

Во соработка со италијанскиот бренд за декоративни елементи во домот, Coincasa, во текот на еден од најжешките викенди на месец јуни, приредивме интересно и уникатно изненадување за посетителите на Градскиот Парк во Скопје. Настанот претставуваше вистинска Chill out зона во која сите минувачи доаѓаа за да се одморат и релаксираат на мебелот на Coincasa, но и да се освежат со својот омилен вкус на Cevitana. Нашите хостеси покрај освежителниот пијалак, на сите посетители им подарија и интересно дизајнирана Cevitana чаша. Интересот за посета на нашата заедничка Chill out зона беше навистина голем, а граѓаните задоволно уживаа во комфорот на мебелот на Coincasa и во вкусот на нашата Cevitana.

# Cevitana ги освежува спортистите на кејот на Вардар

Секогаш се грижиме и го поддржуваме спортскиот дух, како и сите спортски активности. Идејата за дел од линиите на нашите брендови, произлезе токму од целта да ги освежиме и разладиме луѓето што се обидуваат да го применуваат здравиот начин на живот и се обидуваат константно да бидат физички активни.

Во соработка со Park Residence на кејот на реката Вардар во Скопје на поставениот штанд на нашиот добро познат бренд Cevitana, хостесите ги послужуваа и разладуваа пешачите и спортските активисти со освежувачката Cevitana. Оваа промотивна активност се реализираше до средината на месец септември, а рекреативците кои редовно, секоја сабота го посетуваа кејот можеа да очекуваат ладно освежување со нивниот омилен вкус Cevitana.

Задоволството што го предизвика овој наш гест на внимание и грижа кај спортските ентузијасти и спортисти на кејот на реката Вардар е само дополнителна причина за ваквите акции да бидат реализирани што е можно почесто.





Интервју со Игор Стефановски - Ице

# Европски првак кој не се дели од производи на Витаминка



**Што те прави најдобар автомобилист во Македонија?**

Не би сакал да бидам нескромен, но сепак сметам дека тука клучен фактор се успесите од минатото каде што спаѓаат 13 шампионски титули, 2 златни кациги, титулата за балкански шампион, шампион на централно европската зона и уште многу други признанија. Сепак, мојот успех не би ја доживеал денешната слава без вложениот напор и професионалната посветеност кон трките што придонесоа за зголемување на моето искуство и можноста да бидам единствениот македонец кој се осмели да настапува на трките од Европскиот шампионат. Морам да ги споменам и луѓето што секогаш стојат позади мене, тимот без кој не би бил она што сум сега, тоа е искусен тим што ме поддржува уште од самите почетоци на мојата кариера.

**Каде се подготвуваш за трките?**

Со оглед на тоа што за сега во нашата земја нема професионална тркачка патека, мојот тренинг го правам онлајн, односно ја разгледувам конфигурацијата на тркачката стаза преку интернет. Сепак сведоци сме на тоа колку нашата држава ги поддржува талентите и знае да го препознае потенцијалот на своите жители и токму поради тој факт, верувам дека ќе создаде и професионални тркачки патеки, на кои јас и моите колеги ќе ги одржуваме нашите тренинзи.

*Игор Стефановски – Ице е македонска легенда во автомобилизмот. Бројот на трофеите и на успесите на најуспешниот македонски автомобилист на сите времиња е навистина огромен.*




**Кое возење го сметаш за своe најголемо достигнување?**

Секоја трка за мене претставува едно ново и поинакво искуство што самото по себе носи нова возбуда, нов предизвик, но пред се голема одговорност и напорни тренинзи со цел совладување на целта и остварување на високи резултати. До сега сум имал многу интересни трки и уште поинтересни моменти што доаѓаат со нив. Како една од најдобрите би ја издвоил трката во Шпанија организирана на една од најопасните и најтешки патеки во Европскиот шампионат каде остварив забележителна победа и поставив рекорд што не беше симнат се до 2007 година.

**Што се е потребно за да се занимаваш со професијата автомобилизам?**

Општопознато е дека доколку си ја сакаш професијата, тогаш всушност работата за тебе не претставува напор, туку задоволство. Токму поради тоа, пред се потребна е голема желба и љубов, а потоа доаѓаат добрата психичка и физичка подготвеност. Но сепак, клучна улога играат и финансиските средства, почнувајќи од опремата на самиот возач, добриот тим и неизбежното тркачко возило.

**Како се одржуваш во форма и дали внимаваш на исхраната?**

Внимавам редовно на исхраната и се трудам секогаш да бидам во топ форма, затоа што таа е пресудна за резултатите што ги остварувам на тркачките стази. Производите на компанијата Витаминка редовно ги консумирам, а особено освежителната и полна со витамини Цевитана. Формата ја одржувам со физички тренинзи и секојдневни кардио вежби.

**Каде најчесто се релаксираш по натпреварите?**

За мене не постои подобра и поголема релаксација од времето поминато со моите две деца. Секој слободен момент со сопругата го користиме за сите заедно да се одмориме некаде и да уживаме во планинските предели на нашата земја

**Прилепска Витаминка те поддржува уште од најраните почетоци. На што се должи оваа соработка?**

Витаминка како една од ретките компании што цврсто верува во можностите и потенцијалите на овој релативно нов спорт, уште од самите почетоци е со мене и редовно ме следи на сите натпревари. Неколку годишната соработка ја потврдува заложбата на компанијата да го надогради помогне да излезе на површина – талентот што го поседувам. Фактот што ваква голема компанија цврсто верува во моите потенцијали, за мене претставува дополнителен мотив за да остварувам се поголеми резултати и да рушам рекорди. Се надевам дека поддршката на Витаминка ќе биде тука и во иднина, затоа што претставува значаен дел од сите мои победи и успеси.

**Кој е твојот омилен производ од Витаминка?**

За тоа колку ги обожувам еднакво сите производи на Витаминка, говори фактот што секогаш ги имам на дофат на рака, а во мојот дом, како и во хотелите во кои престојувам пред натпреварите, задолжително се наоѓаат кекситe, снековите, флипсовите, чоколадните задоволства на Витаминка и сите останати производи. Освен јас самиот, во нив ужива и целото мое семејство, а добропознатиот вкус на кечапот и мајонезот е неизоставен дел од секој наш оброк. Навистинаа тешко ми е да издвојам само еден производ, но коа веќе морам, ќе кажам дека тоа е најдобриот инстант освежителен напиток Цевитана, со 9 витамини, што редовно го внесувам после сите напорни физички и кондициони тренинзи.

# КК МЗТ во фокусот на Витаминка

Дека спортот котира високо на приоритетната листа на области во кои нашата компанија сака да делува, оставајќи траен белег, говори и фактот што му ја дадовме својата поддршка на Кошаркарскиот Клуб МЗТ. Кога Витаминка знае дека успехот на еден спортски тим зависи од нејзиниот придонес, тогаш не штеди да вложените средства и напори за да помогне за добриот пласман и високите резултати. Токму поради тоа, со сигурност и во иднина ќе го поддржуваме македонскиот спорт, ќе ги славиме неговите резултати и ќе ги бодриме спортските тимови.

# Остануваме верни пријатели на Македонската Кошаркарска Репрезентација



Спортот е еден од приоритетните области за кои нашата компанија бесрезервно ја дава својата поддршка и наклонетост. Веќе долги години сме и верен пријател и поддржувач на Македонската Кошаркарска Репрезентација, ги следиме нејзините натпревари и се гордееме на нејзините резултати. Цврсто веруваме дека само со инвестиции во спортот можни се посакуваните резултации и квалификации. Успесите на Македонската Кошаркарска Репрезентација се успеси и за Витаминка. Поради тоа и ќе останеме нејзините главни поддржувачи.

# Витаминка е поддржувац на најдобриот македонски автомобилист Иџе

Европскиот шампион на ридски патеки и најдобар македонски автомобилист, Игор Стефановски Иџе ја добива поддршката од нашата компанија уште од самите почетоци на својата кариера. Витаминка од секогаш знаела да го препознае вонсерискиот талент и да му помогне на истиот да се дореализира во нешто од што ќе има корист светот. Во случајов, на големите успеси на Иџе што ги соборуваат досегашните рекорди, се гордее целата држава, а Европа во него го гледа новиот првак во автомобилизмот. Токму поради тоа нашата компанија ќе остане верен поддржувач на Иџе и секогаш ќе ги помага неговите цели и ќе ги слави неговите успеси.

Освен Витаминка, на успесите на Иџе се гордеат и сите граѓани од нашата држава. Неговите фанови се многубројни, навивачите сè погласни, а заинтересираноста за да се следат во живо трките на Иџе, расте. Сакајќи да придонесе за поголема еуфорија во публиката и да ја исполни желбата на барем дел од неговите верни поддржувачи, Витаминка приреди вистинско изненадување и даде ретка можност. На последната трка од Европското првенство на ридски патеки, што се возеше во Бузет, Хрватска, на 21ви септември, на фан страницата на Цевитана, компанијата им донесе среќа на двајца фанови на Иџе, со што им обезбеди место и автобуски превоз со навивачкиот караван сочинет од околу 60 фанови, што патуваше за да го поддржи најдобриот македонски автомобилист.

# Бевме на рок спектаклот на Били Ајдол

По 4 години, Били Ајдол во рамките на неговата европска Greatest Hits турнеја, за македонските обожаватели на 27 ми јуни, 2014 година приреди уште еден целовечерен концерт. Неговиот бенд беше придружуван и од генијалниот гитарист Steve Stevens. Витаминка го поддржа спектаклот на рок легендата и е горда што беше дел од најдобриот rock& roll концерт во Скопје на сите времиња.

*рецепти од вработени*

# Палачинки со чоколадо и овошје



## Потребни состојки

- 130 ml млеко
- 1 голема лажица шеќер
- 60 g брашно
- 2 лажици путер
- 1 јајце
- 1/4 мала лажичка сол
- Витаминка шлаг крем од чоколадо
- шумски плодови
- Витаминка шлаг пена
- Витакрем
- Твистер од чоколадо или јагода (по избор)

Ристеска Силвана - Припремач во Р.Е. Цевитана

## Начин на подготовка

Просејте ги заедно брашното и солта.Направете дупка на сред смесата и додадете едно јајце. Додадете малку млеко и шеќер во смесата, заедно со двете лажички путер и започнете да мешате. Оваа смеса сега е подготвена за пржење. Загрејте ја тавата за пржење палачинки на висок оган, истурете ја смесата и разлејте ја по тавата. Кога ќе биде готова палачинката, преклопете ја и тргнете ја на страна за сервирање. Во меѓувреме, изматете ги Витаминка шлаг пената и шлаг кремот од чоколадо. Во сад, ставете ги пената и кремот одвоено и додавајте млеко додека мешате, се додека не се добие смеса. Кога ќе бидат готови палачинките, одвнатре ставете Витакрем и шумски плодови и преклопете ја палачинката. Однадвор декорирајте ги со шлаг пената и шлаг кремот од чоколадо и на крај по избор додадете Твистер од јагода или чоколадо.

# Салата од макарони со туна



## Потребни состојки

- 400 гр. макарони
- 250 гр. туна од конзерва
- 5-6 лажици Витанез
- 200 гр. корнишони
- Сол
- Витаминка мелен црн бибер
- Оригано
- 1 лажица Дафинка

Пашоска Даниела
пакерка во Р.Е. Цевитана

## Начин на подготовка

Сварете ги макароните, а Екстра класа корнишоните исецкајте ги на коцкички. Додадете ја туната заедно со маслото, во смесата од макарони потоа додадете Витанез. Посолете, зачинете со сол, Витаминка мелен црн бибер, оригано и Дафинка и промешајте. Сервирајте во длабики чинии и уживајте во вкусот на оваа салата.


vitaminka
www.vitaminka.com.mk
ATLANTIS
vitaminka
ATLANTIS
Dark
Chocolate sea shells
e230g
ATLANTIS
Chocolate sea shells
e230g
vitaminka
ATLANTIS
Chocolate sea shells
e345g
ATLANTIS
Dark
Chocolate sea shells
ATLANTIS
Chocolate sea shells